**20081382708**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 113 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/07 и 88/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување на седница, одржана на 21 јули 2008 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА МАКСИМАЛНИОТ ПРОЦЕНТ НА ПОЗАЈМЕНИ СРЕДСТВА ОД СТРАНА НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ И ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ОД ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД**

Член 1

Друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да се задолжува од името и за сметка на задолжителниот пензиски фонд, исклучиво заради одржување на ликвидноста на задолжителниот пензиски фонд во вкупен износ кој не може да биде поголем од 2% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

Член 2

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за максимален процент на позајмени средства од страна на друштвото за управување со пензиски фондови од име и за сметка на пензискиот фонд („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2006).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-1157/10
21 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.